ПП бр: 13 - 12 / 4

Врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi – членови, постапувајќи во постапката поведена со заклучок ПП бр. 13-105/5 од 16.10.2025 година, против правното лице Веропулос Дооел Скопје со ЕДБ: 4030996253296 и ЕМБС: 513339, со седиште на Бул. Кочо Рацин бр.1, Скопје, Република Северна Македонија, на седница одржана на ден 15.01.2026 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1) Се утврдува дека Веропулос Дооел Скопје со седиште на Бул. Кочо Рацин бр.1, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕДБ: 4030996253296, ЕМБС: 513339 и жиро сметка: 200000024708705 во Стопанска банка АД Скопје, сторило прекршок од член 26 став (1) точка 1), а во врска со член 7 ставови (3), (4) и (5) од Законот, за што му се изрекува глоба во износ од 18.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

2) Се утврдува дека согласно 26 став (2) од Законот, на одговорното лице (Управител) во правното лице Веропулос Дооел Скопје со ЕДБ: 4030996253296 и ЕМБС: 513339, со седиште на Бул. Кочо Рацин бр.1, Скопје, Република Северна Македонија, Николаос Веропулос со живеалиште на адреса бул. Кифисјас бр.32 Атика, Амаруси, Грција, му се изрекува глоба во износ од 400,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

3) Глобата од точка 1) и точка 2) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

**Образложение**

**На ден 26.09.2025 година**, до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст:„КОП”), беше доставен Допис ПП бр. 13-105/1 – Претставка по основ на Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи (во понатамошниот текст: „Законот”), од страна на правното лице Друштво за трговија и производство Макпрогрес ДОО Виница, со седиште на Ул. Војдан Чернодрински бр.8, Виница, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „Макпрогрес”).

Во овој Допис се наведени наводи кои укажуваат на притисоци, обиди за уцена и како резултат на неприфаќање на истите од страна на Макпрогрес, прекин на деловната соработка поради одбивање да се работи спротивно на одредбите од Законот.

Како што е наведено во Дописот од Макпрогрес, во текот на 2024 и 2025 година, Макпрогрес се соочил со директни барања од преставници на Веропулос Дооел Скопје со седиште на Бул. Кочо Рацин бр.1, Скопје, Република Северна Македонија, ЕДБ: 4030996253296 и ЕМБС: 5133394 (во понатамошниот текст: „Веро”), да бидат прифатени трговски услови кои се забранети согласно членот 8 од Законот, а со цел изнаоѓање на начин на кој Веро би ја задржал профитабилноста од минатите години. За време на одржаните состаноци и разговори, од страна на Веро биле предложени неколку алтернативни механизми за заобиколување на ограничувањата согласно одредбите од Законот (во Законот дефинирани како нефер трговски практики), од Веро преставени како „технички решенија„ , а кои се коселе со одредбите на Законот и во својата суштина преставувале нефер трговска практика. Барањата на Веро опфаќале намалување на цените на Макпрогрес само за Веро како купувач, фиктивно фактурирање за извештаи или фактурирање за закуп на деловен простор во Веро, иако истото не било ниту побарано ниту потребно за Макпрогрес. Откако Макпрогрес не прифатил постапување кое би било спротивно на Законот, бил соочен со ултиматум дека неприфаќањето на некој од овие предлози/решенија ќе резултира со прекин на деловната соработка, што и се остварило со испратеното писмено известување од Веро на 01.07.2025 година, кое стапило на сила на 01.08.2025 година.

По однос на наводите од Дописот/Поднесокот ПП бр. 13-105/1, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст:„Комисијата), постапувајќи согласно член 40 став (7) од Законот за општата управна постапка, го достави Поднесокот до Управата за јавни приходи и Управата за финансиска полиција на Република Северна Македонија за постапување во рамките на нивните надлежности со Дописи – 13-105/2 и 13-105/3 од 06.10.2025 година. Дополнително, Комисијата го извести подносителот Макпрогрес за препраќањето на Дописот/Поднесокот ПП бр. 13-105/1 до наведените државни органи со Допис 13-105/4 од 06.10.2025 година.

**Со оглед на содржината на претставката, КОП утврди дека постојат основи за сомневање дека правното лице Веро сторило дејствија кои би можеле да претставуваат нефер трговски практики во смисла на член 8 став (1) точки 3), 7), 19) и 26) од Законот, и тоа:**

Согласно член 8 став (1) точка 3) од Законот, купувачот бара плаќања од добавувачот кои не се поврзани со продажбата на земјоделски и прехранбени производи на добавувачот;

Согласно член 8 став (1) точка 7) од Законот, купувачот се заканува на добавувачот дека ќе изврши дејства на комерцијална одмазда доколку добавувачот ги искористи своите договорни и законски права, вклучително и поднесување барање до Комисијата за заштита на конкуренцијата за поведување постапка или претставка или ќе соработува со Комисијата за заштита на конкуренцијата за време на постапката;

Согласно член 8 став (1) точка 19) од Законот, купувачот бара надоместок од добавувачот за услуги што не се дадени;

Согласно член 8 став (1) точка 26) од Законот, купувачот бара од добавувачот други надоместоци и плаќања кои ги наметнува на добавувачот при склучување на договорите за снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

Наметнувањето на услови на тргување и активности кои се дефинирани како нефер трговски практики согласно член 8 став (1) од Законот е забрането и истото преставува евентуален прекршок согласно член 26 став (1) точка 3) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи.

Врз основа на претходно наведеното, КОП утврди дека постојат доволни основи за сомневање за сторен прекршок согласно член 26 став (1) точка 3), а во врска со член 8 став (1) точки 3), 7), 19) и 26) од Законот.

**На ден 16.10.2025 година,** КОП на седница донесе Заклучок за поведување на прекршочна постапка против Веро ПП бр. 13-105/5, кој беше доставен до Веро со Допис ПП бр. 13-105/6 од 16.10.2025 година.

**На ден 28.10.2025 година,** Веро испрати до КОП – Произнесување по заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 13-105/7 од 28.10.2025 година.

Во точка 1 од Произнесувањето на Веро е наведено дека:

- Веро никогаш не побарал од Макпрогрес плаќања неповрзани со производите кои се дел од асортиманот на Макпрогрес;
- Веро и Макпрогрес имале склучено годишен договор за периодот 01.01.2024-31.12.2024 година (даден во прилог);
- Поради стапување на сила на Законот, истите склучиле годишен договор за периодот 27.09.2024-31.12.2024 година (даден во прилог);
- По истекот на споменатиот договор, Веро и Макпрогрес пристапиле кон преговори за уредување на своите односи и во текот на 2025 година, а до договарање на новите услови премолчно се согласиле испораката на производите на Макпрогрес до Веро да ја вршат согласно истечениот Договор;
- Во текот на преговорите, било разговарано за:
  - Можност за маркетинг на производите на Макпрогрес во рамките на Веро маркетите и трговскиот центар Веро Џамбо;

- Закупување на деловен простор во Веро Џамбо за промоција на производите на Макпрогрес и
- Подготовка на месечни извештаи за продажба на производите на Макпрогрес во маркетите на Веро.

  Според Веро, овие услуги биле понудени на Макпрогрес во рамки на дозволените одредби од член 8 став (6) од Законот и не биле дадени како услов за нивна понатамошна соработка.

- Во прилог на произнесувањето од Веро е приложен Е-маил од Глигор Цветанов – Извршен директор на Макпрогрес, испратен до повеќе лица во Веро и Макпрогрес на 15.04.2025 година;
- Во прилог на произнесувањето од Веро е приложен и Е-маил од Петар Денковски – Генерален менаџер на Веро, испратен до Глигор Цветанов – Извршен директор на Макпрогрес и Никос Веропулос од Веро на 24.04.2025 година;
- Според Веро, тие единствено понудиле услуги поврзани со продажба на производите на Макпрогрес, во рамки на законски дозволениот максимум од 10% од остварениот промет, а Макпрогрес ја одбил понудата на Веро, по што Веро ја продолжил понатамошната соработка со Макпрогрес за период од повеќе од три месеци. Со оглед на наведеното, јасно било дека Веро не сторил повреда на Законот.

Во точка 2 од Произнесувањето на Веро е наведено дека:

- Веро никогаш не се заканил дека ќе стори било каква комерцијална одмазда кон Макпрогрес и како што можело да се утврди тие соработувале за целиот период на 2024 година и повеќе од половина од 2025 година, па Макпрогрес незадоволен од раскинот на Договорот барал основ тоа да го смета за комерцијална одмазда;
- Договорот бил истечен на 31.12.2024 година, но до склучување на нов Договор страните премолчно продолжиле да ги применуваат одредбите на истечениот Договор, но привремено додека не се склучи нов Договор;
- Според Веро, Веро и Макпрогрес не постигнале договор за следното:
  - Инсистирањето на Макпрогрес, Веро да продолжи да купува производи кои биле непрофитабилни, при што Веро дава дополнително видување/објаснување за истото;
  - Одбивањето на Макпрогрес да ги постави своите цени на начин на кој би се намалиле цените за крајните потрошувачи, при што Веро дава свое видување за истото:

  Со оглед на ова, според Веро прекинувањето на деловната соработка била оправдана деловна одлука а не комерцијална одмазда.
- Според Веро, Договорот е раскинат законски, при тоа цитирајќи ги одредбите од член 7 став (12) од Законот како и член 346 и член 347 став (4) од ЗОО;
- Соработката била продолжена согласно Договорот од 2024 година, но привремено до склучување на нов договор;
- Правото на Веро да го раскине Договорот произлегувало и од член 8 став (1) точка 1) и точка 17) од истиот член, па тоа Веро го направил со отказен рок од 30 дена на 01.07.2025 година;

Во точка 3 од Произнесувањето на Веро е наведено дека:

- Веро никогаш не побарал надомест од Макпрогрес за услуги кои што не биле дадени, туку тие понудиле дополнителни услуги на Макпрогрес кои не биле прифатени и затоа не постои повреда согласно член 8 став (1) точка 19) од Законот;

Во точка 4 од Произнесувањето на Веро е наведено дека:

- Веро никогаш не побарал други плаќања и надоместоци од Макпрогрес кои ги наметнал при склучувањето на Договорот во Септември 2024 година, додека комуникацијата која Макпрогрес ја смета за повреда на одредбите на Законот се случила во 2025 година, не при склучување на Договорот. Дополнително, понуденото давање на дополнителни услуги било во рамките на лимитот од 10% согласно член 8 став (6) од Законот.

Во точка 5 од Произнесувањето на Веро е наведено дека:

- Веро не сторил дејствие кое може да се смета за нефер трговска практика согласно Законот;
- Преговорите биле неуспешни поради тоа што Макпрогрес инсистирал на продажба на производи кои не се продавале добро, и не се согласил да ги намали цените на износ кој би довел до намалување на малопродажната цена кон крајните потрошувачи;
- Понудените дополнителни услуги биле во рамките на лимитот од 10% согласно член 8 став (6) од Законот, со можност Макпрогрес да ја одбие понудата, што и се случило;
- Во согласност со Законот, Веро ја прекинал деловната соработка со Макпрогрес Поради погоре наведеното, Веро требало да се ослободи од било каква прекршочна одговорност.

Во точка 6 од Произнесувањето на Веро е наведено дека:

- Веро бара од Комисијата увид и фотокопирање на списите на предметот согласно член 56 од Законот за заштита на конкуренцијата а согласно член 11 од Законот;
- Веро бара продолжување на рокот за одговор на Заклучокот за дополнителни 15 дена, а со цел да се изврши ваквиот увид и со цел подобра одбрана на позицијата на Веро.

**Во дотогашниот тек на постапката и имајќи ги во предвид прибавените/доставени информации и произнесувања, КОП ја утврди следната фактичка состојба:**

За нефер трговски практики во односот меѓу купувачот и добавувачот се сметаат случаите кога:

- Согласно член 8 став (1) точка 3) од Законот, купувачот бара плаќања од добавувачот кои не се поврзани со продажбата на земјоделски и прехранбени производи на добавувачот;

- Согласно член 8 став (1) точка 26) од Законот, купувачот бара од добавувачот други надоместоци и плаќања кои ги наметнува на добавувачот при склучување на договорите за снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

Наметнувањето на услови на тргување и активности кои се дефинирани како нефер трговски практики согласно член 8 став (1) од Законот е забрането и истото преставува прекршок согласно член 26 став (1) точка 3) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи.

КОП во конкретниот случај утврди постоење на прекршок согласно член 26 став (1) точка 3) од Законот, поради тоа што:

- Преговорите кои се водени помеѓу Веро и Макпрогрес и од кои требало да произлезе Договорот за деловна соработка/Годишен договор со добавувачи не биле успешни поради што Макпрогрес бил условен со прифаќање на барања од Веро кои биле спротивни на одредбите и ограничувањата од Законот. Предложените плаќања за извештаи или за закуп на деловен простор во Веро надвор од Договорот за деловна соработка, кои не биле побарани ниту потребни за Макпрогрес, преставува барање од купувачот (Веро) за плаќања од добавувачот (Макпрогрес), кои не се поврзани со продажбата на земјоделски и прехранбени производи и истото преставува нефер трговска практика согласно член 8 став (1) точка 3) од Законот. Веро се произнесе дека овие услуги биле понудени на Макпрогрес во рамки на дозволените одредби од член 8 став (6) од Законот и не биле дадени како услов за нивна понатамошна соработка. Веро не достави до КОП никаква дополнителна информација ниту доказ, понуда или друг тип на писмена или електронска комуникација кои го потврдуваат ова. Во тој контекст КОП оценува дека повикувањето на член 8 став (6) од Законот е неосновано, бидејќи примената на оваа одредба е можна исклучиво доколку: (1) услугите се јасно и недвосмислено утврдени во писмениот договор за снабдување за снабдување со земјоделски производи, (2) истите не се наметнати како услов за продолжување или склучување на договор за снабдување со земјоделски и прехрамбени производи и (3) се конкретизирани по вид, обем и цена. Во конкретниот случај, ниту една од овие законски претпоставки не е исполнета. Дополнително, КОП ја ценеше и содржината на доставениот договор за периодот 27.09.2024-31.12.2024 година од страна на Веро, во кој не постојат дефинирани услуги/услови кои се однесуваат на било која од темите кои биле дел од преговорите споменати од страна на Веро: Можност за маркетинг на производите на Макпрогрес во рамките на Веро маркетите и трговскиот центар Веро Џамбо; Закупување на деловен простор во Веро Џамбо за промоција на производите на Макпрогрес и Подготовка на месечни извештаи за продажба на производите на Макпрогрес во маркетите на Веро. Во точка 3.5 од Годишниот договор со добавувачи за периодот 27.09.2024-31.12.2024 година е дефиниран рабат од 10% кој согласно член 8 став (6) од Законот е максималниот износ/процент на надоместоци кои се сметаат како како дозволени/фер трговкси практики.
- Согласно претходно наведеното, Веро барал други надоместоци и плаќања кои ги наметнувал на добавувачот (во случајов: Макпрогрес), при склучување на нов договор за снабдување со земјоделски и прехранбени производи и истото преставува нефер трговска практика согласно член 8 став (1) точка 26) од Законот.

Во однос на член 8 став (1) точки 7) и 19) од Законот, КОП во оваа фаза не утврди доволно докази за нивно прекршување, но истите останаа предмет на понатамошна оценка во зависност од изведените докази во понатамошниот тек од постапката.

КОП во конкретниот случај утврди постоење на прекршок согласно член 26 став (1) точка 1) од Законот, поради тоа што:

Веро и Макпрогрес во периодот 27.09.2024-31.12.2024 година соработувале согласно Годишниот договор со добавувачи, доставен до КОП од страна на Веро во рамки на Произнесување по заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 13-105/7 од

28.10.2025 година. Овој Договор не е продолжен по 31.12.2024 година, додека деловната соработка помеѓу субјектите продолжила без склучен договор во писмена форма до 01.08.2025 година. Во таа насока КОП смета дека „премолченото“ продолжување на соработка не може да го замени законското барање за писмен договор дефинирано во член 7 од Законот. Отсуството на писмен договор со јасно утврдени општи и послебни услови создава асиметрична/непропорционална позиција и му овозможува на купувачот еднострано да наметнува дополнителни обврски, што е спротивно на целта и духот на Законот. Ова е евидентно како од доставените информации како од Макпрогрес, така и од страна на Веро, кој во своето произнесување наведува дека по истекот на споменатиот договор, Веро и Макпрогрес пристапиле кон преговори за уредување на своите односи и во текот на 2025 година, а до договарање на новите услови премолчно се согласиле испораката на производите на Макпрогрес до Веро да ја вршат согласно истечениот Договор и премолчно продолжиле да ги применуваат одредбите на истечениот Договор.

Испорака на земјоделски или прехранбени производи без склучен договор за снабдување на земјоделски и прехранбени производи, кој согласно член 7 од Законот по својата форма и содржина ќе ги содржи општите деловни услови меѓу договорните страни е забрането и истото преставува прекршок согласно член 26 став (1) точка 1) од Законот.

Врз основа на информациите/податоците прибавени во текот на постапката, КОП утврди дека постои основ за утврдување на сторен прекршок согласно член 26 став (1) точка 1), а во врска со член 7 ставови (3), (4) и (5) од Законот и/или 26 став (1) точка 3), а во врска со член 8 став (1) точки 3) и 26) од Законот.

**На ден 26.12.2025 година,** КОП на седница донесе – Известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 13-105/8 од 26.12.2025 година, кое беше доставено до Веро со - Допис ПП бр. 13-105/9 од 26.12.2025 година.

**На ден 09.01.2026 година**, Веро достави до КОП – Произнесување по известување за утврдена фактичка состојба. Во своето произнесување, Веро истакнува дека:

По однос на тврдењето на Комисијата за нефер трговска практика согласно член 8 став (1) точка 3) од Законот, Веро никогаш не барал, наметнувал или го условувал Макпрогрес со било какви плаќања кои не биле поврзани со производите од асортиманот на Макпрогрес туку водел преговори за продолжување на соработката и понудил на Макпрогрес услуги поврзани со продажбата на производите на Макпрогрес во рамките на ограничувањето од 10% дозволено со Законот. Според Веро, неточни се тврдењата/наводите на Макпрогрес и не постои соодветен доказ за тоа, бидејќи преговорите се водени усно, а според доставената електронската комуникација можело да се утврди дека не постои наметнување на одредено плаќање од страна на Веро. Дополнително, а во врска со истото, преставниците на Веро би можеле да дадат исказ со кој би се потврдило дека Веро не барал или наметнувал вакви плаќања кон Макпрогрес. Во своето произнесување со КОП, Веро останува во целост кон доказите предложени со поднесокот од 28.10.2025 година.
Понатаму, Веро истакнува дека понудените услуги биле во согласност со член 8 став (6) од Законот и во рамките на ограничувањето од 10% утврдено со Законот, па доколку Веро и Макпрогрес би се согласеле на прифаќање на истите би бил склучен нов договор или анекс

на постоечкиот во кој истите би биле вклучени. Согласно тоа, според Веро, непостоењето на овие услуги во постоечкиот договор не било пречка да бидат понудени и вклучени во нов договор или анекс. Така, услугите биле само понудени, а не наметнати како услов и тоа се потврдувало со фактот дека Макпрогрес ја одбил понудата, а соработката сепак продолжила.
Веро уште еднаш потенцира дека не е сторена повреда на член 8 став (1) точка 3) од Законот бидејќи услугите биле поврзани со продажбата на производите на Макпрогрес и биле со цел за нивна промоција и подобрена продажба.

Дополнително, во своето признесување Веро се повикува на член 22 став 1 од Законот за облигациони односи според кој: Преговорите што му претходат на склучувањето на договор не обврзуваат и секоја страна може да ги прекине секогаш кога сака.
Во конкретниот случај, Веро и Макпрогрес воделе преговори, Веро понудил услуги а Макпрогрес ја одбил понудата, па и покрај одбивањето на понудата деловната соработка продолжила уште неколку месеци, што било доказ дека понудата на Веро немала карактер на услов или наметнување. Согласно наведеното, неточно е дека Веро наметнувал надоместоци и плаќања при склучување на договорот со што истото би било сметано дека е спротивно на член 8 став (1) точка 26) од Законот.

Во однос на можноста Веро да му наметнува или да го условува Макпрогрес со надоместоци или плаќања, Веро истакнува дека финансиските показатели на двете друштва покажуваат дека Макпрогрес има барем еднаква преговарачка позиција со Веро и не е друштво на кое Веро може нешто да му наметне или да го условува. Дополнително, согласно е-маил комуникацијата од 15.04.2025 година може да се утврди дека токму Макпрогрес е тој кој сакал да наметнува услови на Веро, инсистирајќи сите производи од неговиот асортиман да бидат откупувани од Веро, во спротивно ќе побарале прекин на нивната соработка.

На крај, Веро истакнува дека за цело време на соработката постоел важечки договор во писмена форма и согласно одредбите од договорот не е сторена повреда на член 7 од Законот. Според Веро, ова тврдење е во согласност со член 346 од Законот за облигациони односи според кој: Трајниот деловен однос со определен рок на траењето престанува кога рокот ќе истече, освен кога е договорено или со закон определено дека по истекот на рокот долговниот однос продолжува за неопределено време ако не биде навремено откажан.

Во своето произнесување, Веро побара и увид и фотокопирање на списите од предметот согласно член 56 од Законот за заштита на конкуренцијата а во согласност со член 11 од Законот како и да дадат на записник објаснување на фактите од значење за постапката согласно член 19 став (1) точка 7) од Законот.

**На ден 13.01.2026 година,** КОП на седница донесе - Заклучок за увид во списи ПП бр. 13-12/2 од 13.01.2026 година, со кој на Веро му дозволува да изврши увид во истите. Увидот во списи е направен на 13.01.2026 година во 12:00 часот во просториите на Комисијата. За време на вршењето на увидот, воден е Записник ПП бр. 13-12/3 од 13.01.2026 година, во кој е евидентирано предавање на побараните копии од документи/списи од предметот.

Во рамките на Записникот ПП бр. 13-12/3 од 13.01.2026 година, претставникот на Веро Петар Денковски изјави дека во целост ги отфрла наводите во претставката поднесена од Макпрогрес а воедно тврди дека преговорите и понудените услови во текот на преговорите биле во рамки на лимитот од 10% утврден со Законот. За време на преговорите, Макпрогрес ниту бил уценуван ниту приморуван да прифати некои од овие предлози. Дискусиите се воделе во рамки на асортиманот на производи, при што Веро сакал да ги намали поради нивна слаба продажба, а од другата страна Макпрогрес инсистирал сите производи да бидат вклучени или ќе се прекинела соработката. Во неколку наврати од страна на Веро бил побаран состанок на највисоко ниво со директорот на Макпрогрес, но ниту едно од тие барања не било прифатено. Петар Денковски истакна дека ниту еден од вработените во Веро нема овластување да се заканува или уценува добавувач и сите преговори се водат на комерцијална основа или врз основ на добри деловни обичаи.
На погоре наведената изјава од Петар Денковски, преставникот на Веро, Нина Марковиќ додаде дека по раскинување на договорот и по поднесување на претставката до Комисијата, Макпрогрес во повеќе наврати се обиделе да закажат состанок за обновување на соработката, па оттаму се поставувало прашањето зошто ако биле уценувани или заплашувани барале да се обнови таквата соработка.

Согласно член 24 став (1) точка 1) од Законот, откако КОП во целост ќе ја утврди фактичката состојба од значење за правилно одлучување, донесува решение со кое утврдува дека лицето против кое е поведена постапката сторило прекршок предвиден со одредбите од овој закон и изрекува соодветна прекршочна санкција.

**Имајќи во предвид се погоре наведено, КОП во конкретниот случај утврди постоење на прекршок согласно член 26 став (1) точка 1) од Законот, а во врска со член 7 ставови (3), (4) и (5) од Законот, поради тоа што:**

Согласно член 7 став (1) од Законот, договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот мора да биде склучен во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи.

Согласно член 7 став (2) од Законот, договорот од ставот (1) на истиот член мора да ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу добавувачот и купувачот како договорни страни.

Согласно член 7 став (3) од Законот, покрај условите од ставот (2) на истиот член, во договорот за снабдување од ставот (1) на овој член мора на јасен и недвосмислен начин да бидат утврдени и општите деловни услови меѓу договорните страни, кои не смеат да содржат одредби кои се сметаат за нефер трговски практики, согласно со член 8 од Законот.

Согласно член 7 став (4) од Законот, со општите деловни услови од ставот (3) на истиот член се утврдуваат условите за продажба и купување, правата и обврските на добавувачот и правата и обврските на купувачот, обезбедување на побарувањата на добавувачот, правата и обврските на добавувачот и на купувачот, во случај кога купувачот ќе го раскине договорот, размената на информациите, измената на општите услови, виша сила, решавање спорови, заштита на личните податоци и доверливост.

Согласно член 7 став (5) од Законот, општите деловни услови од ставовите (3) и (4) на овој член се обврзувачки за договорните страни од ставот (1) на овој член.

Испорака на земјоделски или прехранбени производи без склучен договор за снабдување на земјоделски и прехранбени производи, кој согласно член 7 од Законот по својата форма и содржина ќе ги содржи општите деловни услови меѓу договорните страни е забрането и истото преставува прекршок согласно член 26 став (1) точка 1) од Законот.

Во конкретниот случај, Веро и Макпрогрес остварувале деловна соработка согласно Годишниот договор со добавувачи кој бил склучен за периодот 27.09.2024-31.12.2024 година. Деловната соработка и испораката на земјоделски или прехранбени производи од Макпрогрес кон Веро продолжила и во периодот по 31.12.2024 година без склучување на нов договор или анекс кон постоечкиот договор и нивната деловна соработка т.е. снабдувањето/испораката на земјоделски и прехрамбени производи траело се до 01.08.2025 годин. Оваа соработка е остварувана без склучен договор во писмена форма согласно законската одредба за дефинирана во член 7 од Законот. Немањето на писмен договор со дефинирани услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос помеѓу добавувачот Макпрогрес и купувачот Веро е евидентно од доставените информации до КОП од страна на Макпрогрес како и од страна на Веро.

Согласно член 28 став (1) од Законот, во одмерувањето на износот на глобата, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно 28 став (2) од Законот, КОП при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

КОП утврди дека согласно 26 став (1) од Законот, на правното лице Веропулос Дооел Скопје со ЕДБ: 4030996253296 и ЕМБС: 513339, со седиште на Бул. Кочо Рацин бр.1, Скопје, Република Северна Македонија, ќе му изрече глоба во износ од 18.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

Исто така, КОП утврди дека согласно 26 став (2) од Законот, на одговорното лице (Управител) во правното лице Веропулос Дооел Скопје со ЕДБ: 4030996253296 и ЕМБС: 513339, со седиште на Бул. Кочо Рацин бр.1, Скопје, Република Северна Македонија, Николаос Веропулос со живеалиште на адреса бул. Кифисјас бр.32 Атика, Амаруси, Грција, ќе му изрече глоба во износ од 400,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од триесет (30) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**